У-5. бр. 626/2021

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД преку судијата м-р Есма Алибашиќ Јонуз – судија поединец со записничар Јован Трпевски – раководител на судско одделение, решавајќи по тужбата на тужителот ТДПТУ ЦЕЛЕС ДООЕЛ ОХРИД поднесена преку полномошник Филип Николоски од Охрид против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-347/7 од 01.04.2021 година, за јавна набавка, по одржаната јавна усна расправа во присуство на полномошник на тужителот, Јане Мојсовски адвокат од Скопје со заменичко полномошно од адвокат полномошник Филип Николоски од Охрид и присуство на овластениот претставник на тужениот орган, Зоран Трајановски од Скопје на 09.07.2021 година ја донесе а на 16.07. 2021 година ја објави следната:

I

ПРЕСУДА

Тужбата на тужителот ТДПТУ ЦЕЛЕС ДООЕЛ ОХРИД против оспореното Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр. бр.09-347/7 од 01.04.2021 година,СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

II

РЕШЕНИЕ

Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Образложение

Со оспореното Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр. бр.09-347/7 од 01.04.2021 година одбиена е како неоснована жалбата на сега тужителот ТДПТУ ЦЕЛЕС ДООЕЛ ОХРИД поднесена против Одлука за ставање вон сила на одлуката за избор на најповолен понудувач бр.02-161 од 01.03.2021 година и одлука за поништување на постапката донесена по Оглас за јавна набавка од мала вредност бр.18557/2020 за набавка на стоки – Кујнска опрема на договорниот орган ЈДГОА „Срничка"-Скопје.

Незадоволен од оспореното Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр. бр.09-347/7 од 01.04.2021 година, тужителот поведе управен спор со предлог оспореното решение да биде поништено поради повреда на одредбите за постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведе дека тужениот орган во образложението на оспореното решение наведува дека договорниот орган не го испочитувал рокот определен во член 112 став 2 од Законот за јавни набавки, во кој е наведено дека одлуката за избор или за поништување на постапката се носи во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите,

односно пријавите за учество, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, односно пријавите за учество, а не сметајќи ги деновите во кои договорниот орган чека преземање на одредено дејствие од друг субјект, поради што со вака донесеното решение тужениот орган потврдува незаконито постапување на договорниот орган во смисла дека ја потврдува Одлуката за ставање вон сила на одлуката за избор на најповолен понудувач бр.02-161 од 01.03.2021 година и Одлуката за поништување на постапката донесена по Оглас за јавна набавка од мала вредност бр.18557/2020 за набавка на стоки – Кујнска опрема на договорниот орган ЈДГОА „Срничка"-Скопје, иако истата е донесена вон законскиот рок предвиден во член 112 став 2 од Законот за јавни набавки во кој може да се донесе таква одлука. Исто така наведе дека тужениот орган погрешно прифатил дека Заклучокот на договорниот орган е правилно донесен, а од причина што договорниот орган ја поништил постапката бидејќи утврдил дека тендерската документација содржи пропусти, односно не била изработена во целост согласно одредбите од Законот за јавни набавки. Имено наведе дека тендерската документација е во ред и ги содржи сите битни елементи и критериуми, меѓутоа Комисијата за јавни набавки на договорниот орган направила пропусти при евалуација на понудите, кој пропуст при евалуација на понудите не може да се подведе под член 114 став 1 алинеја 5 од Законот за јавни набавки и со образложение дека тендерската документација содржи пропусти, а поради што е донесена одлука за поништување на постапката за јавна набавка. Предложи на Судот да ја уважи тужбата и да го поништи сега оспореното решение. Предјави трошоци и тоа за состав на тужба со паушал од 30% во износ од 7.800,00 денари, за судска такса за тужба износ од 480,00 денари и за судска такса за одлука износ од 800,00 денари или се во вкупен износ од 9.080, денари

Во одговорот на тужбата тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение. Наведе дека иако договрниот орган при носење на Одлуката за ставање вон сила на одлуката за избор на најповолен понудувач бр.02-161 од 01.03.2021 година и Одлуката за поништување на постапката не го почитувал рокот определен во член 112 став 2 од Законот за јавни набавки, а кое нешто го потврдил и договорниот орган, Државната комисија за жалби по јавни набавки ги прифаќа како основани наводите на договорниот орган, каде се наведува дека откако договорниот орган увидел дека тендерската документација не била изработена во целост согласно одредбите од Законот за јавни набавки, истиот не можел да добие целосна слика на понудените стоки, поради што предложил да се поништи целокупната постапка. Наведеното со образложение дека тендерската документација содржала пропусти, односно не била изработена во целост согласно одредбите од член 114 став 1 алинеја 5 од Законот за јавни набавки.

Постапувајќи по тужбата, Судот закажа усна јавна расправа на ден 09.07.2021 година.

Јавната расправа закажана за 09.07.2021 година се одржа во во присуство на полномошник на тужителот, Јане Мојсовски адвокат од Скопје со заменичко полномошно од адвокат полномошник Филип Николоски од Охрид и присуство на овластениот претставник на тужениот орган, Зоран Трајановски од Скопје, а согласно членот 40 од Законот за управните спорови.

На одржаната јавна расправа, полномошникот на тужителот наведе дека останува во целост кон тужбата и тужбените наводи и дополни дека самото решение на тужениот орган од 01.04. 2021 година е контрадикторно и спротивно на Законот за јавни набавки имајќи предвид дека самиот орган на страна 5, прviot ред од пасусот, наведува дека во постоечкиот Законот за јавни набавки не постои одредба за поништување на постапката за јавна набавка поради пропуст во евалуација на понудите, додека пак на страна 4 од облразложение на решението признава дека одлуката е донесена по рокот во кој што може да се стави вон сила.

Овластеното лице на тужениот орган изјави дека останува во се како во одговорот на тужбата, а во однос на изнесеното од страна на полномошникот на тужителот, договорниот орган целосно и прецизно се има произнесено во одговорот на жалба кој е прифатен од сега тужениот орган и истиот е составен дел од образложението на оспореното решение каде се дефинирани причините поради кои е донесена одлука за поништување на постапката.

Во доказната постапка Судот на главната расправа ги изведе следните докази: Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-347/7 од 01.04.2021 година, Тековна сосотојба на ТДПТУ ЦЕЛЕС ДООЕЛ ОХРИД бр. 0805-50/150320210002396 од 31.03.2021 година издадена од ЦР на РСМ, Одговор на тужба бр.09-347/9 од 21.05 2021 година примен во судот на 25.05.2021 година. Судот претходно извршил увид во Електронскиот систем за јавни набавки во досието за постапката за јавна набавка по Оглас за јавна набавка од мала вредност бр. 18557/2020 за набавка на стоки - Кујнска опрема.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 35 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот, а имајќи ги предвид и наводите од одржаната јавна расправа, најде:

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот и во досието за предметната јавна набвка во Електронскиот систем на јавни набавки, Судот утврди дека Договорниот орган, спровел постапка за јавна набавка по Оглас за јавна набавка од мала вредност бр. 18557/2020 за набавка на стоки - Кујнска опрема, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр. 03-1070 од 02.12.2020 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки како и во Службениот весник на Р.С.М, како неделива постапка, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за доделување на договор за јавна набавка ќе го користи критериумот економски најповолна понуда врз основа на цената, со спроведување на е-аукција. Од понудувачите било побарано да доставaт Изјава за сериозност. До крајниот рок за поднесување на понудите 17.12.2020 година, пристигнале вкупно 2 (две) понуди за што бил составен Записник од отворањето на понудите од 17.12.2020 година. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите и прифатливите понуди ги поканила на електронска аукција за соодветните делови на набавката. Врз основа на Извештите од текот на електронската аукција и Извештајот од спроведената

постапка од 22.12.2020 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог за најповолна понуда да биде избрана понудата на „ЦЕЛЕС“ ДООЕЛ Охрид. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган, по што била донесена Одлуката за избор на најповолна понуда бр. 02-1168 од 22.12.2020 година. На ден 01.03.2021 година, Комисијата за јавни набавки до одговорното лице на договорниот орган доставила мислење, со кое предлага постапката да се поништи пред да се склучи договор за јавна набавка со оглед дека тендерската документација содржи пропусти. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган, по што била донесена Одлуката за ставање вон сила на одлуката за избор на најповолен понудувач бр.02-161 од 01.03.2021 година и одлука за поништување на постапката. Незадоволен од Одлуката за ставање вон сила на одлуката за избор на најповолен понудувач бр.02-161 од 01.03.2021 година и одлука за поништување на постапката, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднесе економскиот оператор „ЦЕЛЕС“ ДООЕЛ Охрид која била доставена и до Договорниот орган.

Во Одговорот на жалбата договорниот орган навел дека по извршената евалуација на понудите и одржаната електронска аукција, комисијата доставила извештај од спроведена постапка 03-1165/2 од 22.12.2020 4/10 година со предлог за избор на најповолен понудувач Трговско друштво за производство, трговија и услуги ЦЕЛЕС увоз-извоз ДООЕЛ Охрид, по што договорниот орган го прифатил извештајот од спроведената постапка и донел одлука за избор бр.02-1168 од 22.12.2020 година. Меѓутоа во меѓувреме, по донесената одлука за избор, во установата имало застој и потешкотии во функционирањето поради промена на одговорно лице, како и отсуство на дел од вработените поради пандемијата со Ковид 19 (предвидени изолации за контакт со други лица или позитивни случаи) поради што предвидените рокови за склучување на договорот биле пробиени, односно рокот од 30 дена утврден во член 116 од Законот за јавните набавки, а по консолидирањето на функционирањето на установата, се продолжило кон завршување на отпочнатите постапки за јавни набавки од 2020 година со цел истите да се завршат. Комисијата за предметната набавка пред склучувањето на договорот, уште еднаш направила увид во постапката за јавна набавка на кујнска опрема, при што утврдила дека извршила неправилна евалуација на понудите, односно избраниот понудувач Трговско друштво за производство, трговија и услуги ЦЕЛЕС увоз-извоз ДООЕЛ Охрид, сега тужител понудил стоки кои што не ги исполнувале предвидените минимални услови во техничките спецификации за набавката. Имено, во ставката 1 - професионален електричен шпорет како дел од спецификацијата било наведено: „- Два регулатори за рерната - минимум еден за долен греач и еден за горен греач - Напон минимум 400V,AC 3N PE мин 50 HZ. а пак понудениот производ од жалителот видно од неговиот каталог доставен за професионалниот шпорет не поседувал два регулатори за рерната (горен и долен), односно бил со еден регулатор, додека пак минималниот напон бил 380 V, 3~, 50 HZ, што доведувало до заклучок дека производот не одговарал на бараните спецификации за ставката 1 од кујнската опрема. Останатите два производи во целост не ги содржеле сите предвидени спецификации во дадените каталози и за нив комисијата имала дилема дали истите биле во согласност со бараните минимални карактеристики. Од тие причини, комисијата увидела дека направила пропуст при евалуацијата, по што доставила дополнителен извештај до одговорното лице со утврдување на забелешки дека во тендерската документација треба поинаку да се пополнува техничката понуда за да може

комисијата правилно да направи евалуација, односно понудувачите да пополнат на друг начин кои спецификации ги исполнуваат бараните стоки. Понатаму, Комисијата имајќи предвид дека во Закон за јавните набавки не постои одредба за поништување на постапката поради пропусти во евалуацијата на понудите, Комисијата како најблиска одредба по која што дала предлог за поништување била битни пропусти во тендерската документација (дури и БЈН при пополнување на известување за поништување постапка давало такви неофицијални насоки да се пополни во делот за пропусти во ТД, а во дополнителното поле да се наведе од кои причини била поништена постапката). По доставениот дополнителен извештај, одговорното лице истиот го прифатило и претходно донесената одлука за избор ја ставила вон сила и донела нова одлука за поништување на постапката, бр.02-161 од 01.03.2021 година. По носењето на одлуката, известени биле сите учесници во постапката дека претходно донесената одлука за избор се става вон сила и целата постапка се поништува. Наведеното со образложение што дополнително било утврдено дека жалителот не понудил производи кои ги исполнувале бараните минимални карактеристики на производите, поради што договорот како таков не смеел да биде склучен од причина што доколку договорот се склучел, тогаш договорниот орган ќе направел сериозен прекршок што понатаму ќе довело до одговорност како на комисијата за јавната набавка, така и на одговорното лице па така договорниот орган постапил по единствениот избор кој му бил на располагање и ја поништил постапката.

Државната комисија постапувајќи по жалбата на сега тужителот „ЦЕЛЕС“ ДООЕЛ Охрид против Одлуката за ставање вон сила на одлуката за избор на најповолен понудувач бр.02-161 од 01.03.2021 година и одлука за поништување на постапката, донесена по Оглас за јавна набавка од мала вредност бр. 18557/2020 за набавка на стоки - Кујнска опрема на договорниот орган ЈДГОА „Срничка“ – Скопје, истата ја одбила како неоснована со образложение дека го прифаќа одговорот на договорниот орган а со образложение дека откако истиот увидел дека тендерката документација не била изработена во целост согласно одредбите од Законот за јавните набавки, не можел да добие целосна слика на понудените стоки, поради што правилно предложил да се поништи целокупната постапка.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно член 2 точка 10 и 11 од Законот за јавните набавки(„Службен весник на РМ“ бр.24/2019), 10. „тендерска документација“ е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општоприменливите прописи и сета дополнителна документација; 11. „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги

надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.“

Согласно со член 81 од Законот за јавните набавки: „(1) Договорниот орган во тендерската документација ги наведува барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка. (2) Тендерската документација, во зависност од видот на постапката, особено содржи: - општи информации во врска со договорниот орган, - упатства во врска со законските рокови и неопходните услови за учество, - минималните критериуми за утврдување способност и документација што треба да ја поднесат понудувачите или кандидатите за да го докажат исполнувањето на критериумите за утврдување способност, - технички спецификации или во случај на примена на конкурентен дијалог, постапки со преговарање и партнерство за иновации, 8/10 описна документација, - упатства во врска со изработка и поднесување на техничката и финансиската понуда, - детална и целосна информација во врска со критериумите за избор на најповолна понуда, - упатства во врска со правната заштита во постапка за јавна набавка и - информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка. (3) По исклучок од ставот (2) на овој член, кај набавките со постапка од мала вредност со објавување оглас, договорниот орган изготвува поедноставена тендерската документација која особено содржи инструкции за поднесување на понудата и технички спецификации, додека при користење на електронскиот пазар на набавки со постапка од мала вредност само краток опис на предметот на набавка. (4) Договорниот орган е должен да одговори на сите прашања или барања за појаснување или измени кои економските оператори можат да ги постават во врска со тендерската документација, под услов истите да бидат поднесени најмалку осум дена пред крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество, односно шест дена кај поедноставената постапка од мала вредност и четири дена кај набавката со постапка од мала вредност со објавување оглас. (5) Договорниот орган може, во роковите од ставот (6) на овој член, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања или барања од економските оператори, да ја измени или дополни тендерската документација. (6) Одговорите, како и измените и дополнувањата на тендерската документација, договорниот орган без надоместок и во најкус можен рок ги прави достапни на ист начин како што ја направил достапна тендерската документација, но не подоцна од шест дена од крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество, односно четири дена кај поедноставената постапка од мала вредност и два дена кај набавката со постапка од мала вредност со објавување оглас. (7) Договорниот орган може да одреди во тендерската документација дали ќе бара пренос на правата од интелектуална сопственост.“.

Согласно член 109 од Законот за јавните набавки: „Евалуација на понудите (1) Кај отворената постапка и поедноставената отворена постапка, комисијата, пред да пристапи кон евалуација на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот. (2) При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Комисијата не смее да создава предност во корист на одреден економски оператор со

користење на бараните појаснувања или дополнувања. (3) Бараното објаснување понудувачот го 9/10 доставува преку ЕСЈН во рокот кој го определила комисијата. (4) Никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот. (5) Комисијата може да бара директно од понудувачот, а со цел за објаснување на понудата, превод на делот од понудата кој е во врска со техничката документација за кој во тендерската документација дозволил истата да биде изработена на странски јазик и за истото да одреди примерен рок. (6) Неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира. (7) Евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација. (8) По извршената евалуација, комисијата ќе пристапи кон рангирање на понудите и изготвување предлог за избор на најповолна понуда. (9) Членот на комисијата кој не се согласува со предлогот за избор на најповолна понуда, ги изнесува своите ставови подготвени како забелешка приложена кон извештајот од спроведената постапка. (10) При евалуација на понудите кај ограничената постапка, постапките со преговарање, конкурентниот дијалог и партнерството за иновации, комисијата соодветно ги применува одредбите од овој член. (11) Министерот за финансии го пропишува начинот на исправка на аритметичка грешка во фазата на евалуација на понудите.“

Согласно член 112 од Законот за јавните набавки: “(1) Договорниот орган ја избира најповолната понуда, за што донесува одлука. (2) Договорниот орган е должен да донесе одлука за избор или за поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, односно пријавите за учество во конкретната постапка, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, односно пријавите за учество, а не сметајќи ги деновите во кои договорниот орган чека преземање одредено дејствие од друг субјект. (3) Договорниот орган може, до истекот на рокот за поднесување жалба, да исправи грешки во имињата или броевите, во текстот или други очигледни грешки во одлуката што ја донел. (4) Договорниот орган го склучува договорот за јавна набавка со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна врз основа на техничката и на финансиската понуда во рок од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор, но не подоцна од периодот на важност на понудата. (5) Ако избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот или дојде до раскинување заради негово ненавремено или неквалитетно извршување, договорниот орган може да склучи договор со следниот рангиран понудувач, ако цената не е повисока од 5% во однос на првично избраната понуда.“

Согласно член 114 став 1 од Законот за јавните набавки, Договорниот орган може да ја поништи постапката за јавна набавка, за што носи одлука за поништување на постапката ако: бројот на кандидати е понизок од минималниот број предвиден за постапките за јавна набавка согласно со овој закон; не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда; настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган; понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот; оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога со оспореното

решение ја одбил како неоснована жалбата на сега со образложение дека тендерката документација не била изработена во целост согласно одредбите од Законот за јавните набавки со оглед дека истата содржала битни пропусти или недостатоци.

Наведеното од причина што Судот изврши увид во досието на предметната јавна набавка во ЕСЈН и утврди дека сега тужител понудил стоки кои што не ги исполнувале предвидените минимални услови во техничките спецификации за набавката. Имено, во ставката 1 - професионален електричен шпорет како дел од спецификацијата било наведено: - Два регулатори за рерната - минимум еден за долен греач и еден за горен греач - Напон минимум 400V,AC 3N PE мин 50 HZ а пак понудениот производ на сега тужителот видно од неговиот каталог доставен за професионалниот шпорет не поседувал два регулатори за рерната (горен и долен), односно бил со еден регулатор, додека пак минималниот напон бил 380 V, 3~, 50 HZ од каде јасно произлегува дека производот не одговарал на бараните спецификации за ставката 1 од кујнската опрема, а ниту пак останатите два производи во целост не ги содржеле сите предвидени спецификации во дадените каталози.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот најде дека тужениот орган правилно постапил кога го прифатил одговорот и наводите на договорниот орган како основан, со оглед дека тужител понудил стоки кои што не ги исполнувале предвидените минимални услови во техничките спецификации за набавката врз основа на што донел правилно и законитео решение.

Судот ги ценеше тужбените наводите на тужителот, но истите ги оцени како неосновани. Имено, и самиот тужител наведува дека Комисијата за јавни набавки на договорниот орган направила пропусти при евалуација на понудите, а за кои пак пропусти Судот утврди дека се однесуваат на понудените стоки на сега тужителот кои што не ги исполнувале предвидените минимални услови во техничките спецификации за набавката, па оттука наводите на тужителот дека овие пропусти не може да се подведат под член 114 став 1 алинеја 5 од Законот за јавни набавки како што прифатил и тужениот орган, се неосновани ако се има предвид погоренаведената правна и фактичка состојба и фактот дека понидата не ги исполнувала предвидените минимални услови во техничките спецификации за набавката. Судот ги ценеше и останатите наводи на тужителот но најде дека не се од влијание за поинакво одлучување предвид дека и тужениот орган по однос на истите се произнел и донел правилно и законито решение со јасно образложение.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот имајќи ги предвид горе цитираните законски одредби, констатира дека оспореното решение е законито.

Судот одлучи како во изреката од решението, односно барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапка го одби како неосновано, согласно одредбите од членот 86 став 3 од Законот за управните спорови („Службен весник на РСМ 96/2019), согласно кои одредби, доколку Судот ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре, секоја странка ги сноси своите трошоци во постапката.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 59 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управниот суд на 09.07.2021 година под У-5.бр.626/2021

Записничар – раководител на одделение
Јован Трпевски

Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа на примач Буџет Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359, Приходна шифра: 72-22-13, Програма: 00, Начин: 2, односно судски такси од правни лица, банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-1, Програма: 00, Начин: 2.

Се задолжува тужителот, во истиот рок да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, доколку истата не е платена при поднесување на тужбата, на погоре наведените жиро сметки за физички и правни лица.

Пресудата да се достави на:
-Тужител – преку полномошник
-Тужениот орган

Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

СЛ/

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник